**Резиме на Посебниот план за стопанисување со шуми**
**за шумско-стопанска единица Плачковица 1 (2021 – 2030 година)**

**Вкупна површина ...................... 5.199,95 ха**
Шуми ......................................... 4.777,20 ха
Шумски култури .............................. 15,70 ха
Шумско земјиште .......................... 331,10 ха
За други намени ............................. 75,95 ха

Опфаќа имот (шуми и друго земјиште) во 100% државна сопственост, имот каде државата е сосопственик и имот со неизложени права.

Табела 1: Шуми според форма на одгледување

| форма на одгледување | површина | | дрвна маса | | | тековен прираст | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ха | % | м³ | % | м³/ха | м³ | % | м³/ха |
| **високостеблени** | 3.629,80 | 75,73 | 962.842 | 91,36 | 265,26 | 11.497 | 85,61 | 3,71 |
| **нискостеблени** | 1.163,10 | 24,27 | 91.002 | 8,64 | 78,24 | 1.933 | 14,39 | 1,66 |
| **вкупно** | **4.792,90** | **100,00** | **1.053,844** | **100,00** | **343,50** | **13.430** | **100,00** | **5,37** |

Табела 2: дрвни видови по површина и тековен прираст - Чисти насади

| Дрвен вид | површина | | тековен прираст | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ха | % | м³ | % | м³/ха |
| **Бука** | 2.171,70 | 83,66 | 6.942 | 83,18 | 3,21 |
| **Горун** | 405,40 | 15,62 | 711 | 8,53 | 1,18 |
| **Црн бор** | 18,70 | 0,72 | 692 | 8,29 | 3,41 |
| **Вкупно** | **2.595,80** | **100,00** | **8.345** | **100,00** | **3,71** |

Табела 2а: дрвни видови по површина и тековен прираст - Мешани насади

| Дрвен вид | површина | | тековен прираст | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ха | % | м³ | % | м³/ха |
| **БКГО** | 557,10 | 25,36 | 1.501 | 26,21 | 5,03 |
| **БКЦБ** | 299,50 | 13,63 | 988 | 17,26 | 3,30 |
| **БКЦБЈС** | 48,90 | 2,23 | 182 | 3,18 | 3,72 |
| **БКГОЈС** | 29,00 | 1,32 | 59 | 1,03 | 2,03 |
| **БКОВ** | 936,10 | 42,60 | 2430 | 42,43 | 7,21 |
| **БКЈС** | 57,10 | 2,60 | 173 | 3,02 | 3,03 |
| **ГООВ** | 269,40 | 12,26 | 394 | 6,87 | 1,46 |
| **Вкупно** | **2.197,10** | **100,00** | **5.727** | **100,00** | **3,71** |

Вкупно обрасната површина на шумскостопанската единица “Плачковица 1” изнесува 4.792,90 ха. Од вкупно обраснатата површина под високостеблени насади има површина 3.629,80 ха или 75,73 % и нисокостеблени насади на површина од 1.163,10 ха или 24,27%.

Според формата на стопанисување:
- високостеблените разновозрасни насади се на површина од 3.599,90 ха или 75,11%

- високостеблените едновозрасни насади се на површина од 1.174,30 ха или 24,50 %
- високостеблени култивирани насади на површина од 18,70 ха или 0,39 %

По однос на видовиот состав, чистите насади се застапени на површина од 2.595,80 ха или 54,16 %, а мешаните ги има на површина од 2,197,10 ха или 45,84 % од вкупната обрасната површина на шумскостопанската единица (ШСЕ).

По однос на очуваноста, очуваните насади се квалитетни застапени на површина од 3.614,10 ха или 76,40 %, очувани нискостеблени насади на површина 1.163,10 ха или 24,27 % и шумски култури на 15,7 ха или 0,33 %.

По однос на обновеноста и подмладувањето на насадите состојбата е различна. Во насадите каде се вршени сечи има подмладување и обновување, а во насадите каде што не е вршено сеча, обновеноста и подмладувањето е средно добро.

Вештачки подигнатите насади се во добра состојба и имаат поволни услови за иден раст и развој со стремеж да израснат во квалитетни насади.

**Општи цели на стопанисувањето**

Шумите според позитивните Законски прописи, се третираат како добро од посебен општествен интерес. Поради ваквиот третман, со нив се стопанисува според принципот на трајност во стопанисувањето и искористувањето. Сето тоа, со цел да може трајно да се обезбедат одредени количини на разни дрвни сортименти и други шумски производи, неопходно потребни за задоволување на потребите на населението и индустријата, која ги користи различните сортименти и производи.

Покрај материјалните користи од шумата, тие треба да ги задоволуваат и општо корисните функции, неопходно потребни за задоволување на општеството во целост. Овие функции ќе бидат исполнети, ако шумата дава трајно зголемено количество на дрво, со се подобар квалитет. Такви функции на шумата се: заштита на почвата од ерозија, подобрување на климата, прочистување на воздухот, регулирање на водениот режим и друго.

Според состојбата на насадите вкупниот тековен прираст за шумскостопканската единица изнесува 13.733 м3 годишно. **Планираниот етат изнесува 47.122 м3 или 35% од можниот прираст.** Бидејќи, планираниот принос (етат) е помал од можниот прираст, целта за обездедување на трајност во стопанисувањето е осигурана.

**План за главни сечи на шумите**

Главниот принос за овој стопански период ќе се реализира по пат на групимично пребирна сеча и чиста сеча.

Групимично пребирната сеча ќе се примени во високостеблените разновозрасни насади. Со оваа сеча покрај стеблата со одредени димензии ќе се сечат и стебла кои се потенки, чие отклонување е потребно заради добивање на потребни услови за обнова. Стеблата се сечат во мали групи, така да во шумата се отвараат мали окна, кои по природен пат ќе се осеменат. Со планот е одредено од која класа на дебелина колку ќе се сече за да се дојде до нормален распоред на дрвните маси по класи на дебелина во секој насад. Оваа

сеча ќе се спроведе во одделите: 7а, 10а, 14а, 15а, 16а, 17а, 18а, 24а, 26а, 28а, 36а, 72а, 73а, 75а, 83а, 84а и 85а. Притоа за периодот од 2021-2030 се предвидува користење на 39.502 м3 бруто дрвна маса.

Чистата сеча по пат на природна обнова на насадите- ќе се сечат насадите во стопанските поткласи: Л и М2.  При тоа стеблата  ке се сечат ниско, скоро до самата површина, под мал агол што е услов за квалитет на идниот насад. Иако теренот е стрм сметаме дека не постои опасност од појава на ерозија, бидејки од досегашното искуство нема забележано појава на ерозија.На површината каде ќе се врши чиста сеча да се оставаат по 5 до 10 стебла на хектар, неправилно распоредени на терен со цел заштита од уништување на биодиверзитетот на површината.
Оваа сеча ќе се спроведе во одделите 57а, 60б и 62в. Притоа за периодот од 2021-2030 се предвидува користење на 7620 м3 бруто дрвна маса.

Вонредниот принос изнесува 5.734 м3 и истиот доаѓа од панираната изградба на 21,80 км шумски патишта.

Вкупниот редовен и вонреден етат за десет години изнесува 52.856 м3.

Табела 3: планирани приходи од други шумски производи

| Вид на производ | Количина кгр/м3 | Цена 1 кгр/м3 | Вкупно денари |
|---|---|---|---|
| **Печурки (свежи)** | 3.000 | 150 | **450.000** |
| **Разни чаеви** | 1.000 | 35 | **35.000** |
| **Вкупно:** | | | **485.000** |

### План за одгледување на шумите

Предвидено е пошумување на 40,00 ха голина, со садници од црн бор, бел бор и дуглазија.

### Шуми во кои не се дозволува напасување на добиток

Добитокот може да направи големи штети врз младо подигнатите култури и поникот на насадите, со што би се оневозможила обновувањето или подмладувањето на шумите. Според член 52 од Законот за шумите се забранува пасење на добиток во шума. Во ШСЕ постои потенцијална опасност, поради фактот дека има поголем број на добиток (овци, говеда) во овој регион и се врши испаша на истиот. Поради ваквата состојба, стручните лица од ова шумското стопанство во иднина во рамките на оваа ШСЕ на видни места потребно ќе постават табли со натпис “Забрана за напасување на добитокот” и ќе преземат други соодветни мерки за заштита на шумите од напасување на добитокот (зголемена чуварска служба, едукација на сточарите, давање совети, опомени, а во најлоши случаи и казнување).